Барај...




≡ ПРОГРАМА ВИДЕО ЕМИСИИ ПОДКАСТИ #МЛАДИ ОБРАЗОВАНИЕ ИСТРАЖУВАЊА

СЕ НАОЃАТЕ НА: Дома » Вести » ЗНМ ја поздрави одлуката на маркетинг агенцијата да го прекине договорот со Град Скопје

# ЗНМ ја поздрави одлуката на маркетинг агенцијата да го прекине договорот со Град Скопје




15/09/2022 - 16:19

ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) денеска ја поздрави одлуката на маркетинг агенцијата „Елемент ПР“ за спогодбено прекинување на договорот со Град Скопје како општествено одговорен потег.







ПОПУЛАРНО


Почина Марин Бабиќ, доајенот на македонското глумиште


Петиција до Град Скопје за дозвола за возење во ЈСП со миленик

Ова доаѓа откако ЗНМ претходно алармираше за постапката на Град Скопје кој преку јавна набавка планираше да инвестира средства на граѓаните за кампањи во приватни телевизии и онлајн медиуми за промоција на активности на градот.

Од ЗНМ велат дека одлуката за прекинување на договорот е позитивен пример кој треба да премине во пракса.

„Да потсетиме дека на 10 септември на интернет страницата на бирото за јавни набавки беше објавено дека градот Скопје предвидува да инвестира речиси 5 милиони денари за 'Подготовка и имплементација на промоција на кампањи за посебни проекти за активностите на градот Скопје' преку маркетинг агенција. После објавата, ЗНМ реагираше со соопштение до јавноста бидејќи со ваквиот начин на финансирање на медиуми Градот Скопје го прекршува мораториумот за забрана на јавни кампањи во приватни медиуми и директно го прекршува членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за забрана за рекламирање, како и Одлуката на владата за забрана за рекламирање во традиционалните и онлајн медиуми од 2017 година", велат од ЗНМ.

Од здружението ги повикаа и и останатите маркетинг агенции кои на овој или сличен начин работат со општини или други државни институции да ја следат ваквата пракса.

0 0

## МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА



17/10/2022 0

**„Noise" – изложба на слики од Верица Димеска во четврток**



17/10/2022 0

**ЕСМ: Корисниците на парно греење во Скопје потребно е да склучат нови договори**




17/10/2022 0

**Утре се отвора годишната изложба на ДЛУМ**



**[Видео] Еко-активисти истурија супа од домати врз позната слика на Ван Гог во Националната галерија во Лондон**



**92 мигранти пронајдени голи на грчко-турската граница, државите ја префрлаат одговорноста**



**Почина актерот Роби Колтрејн, ѕвездата од „Хари Потер"**

НОВО ЗА ВАС

LAJME NË GJUHËN SHQIPE



17/10/2022

**„Noise" – изложба на слики од Верица Димеска во четврток**



17/10/2022

**ЕСМ: Корисниците на парно греење во Скопје потребно е да склучат нови договори**



17/10/2022

**Утре се отвора годишната изложба на ДЛУМ**



17/10/2022

**[Видео] Десетици илјади луѓе протестираа во Париз поради растот на цените за живот**



17/10/2022

**92 мигранти пронајдени голи на грчко-турската граница, државите ја префрлаат одговорноста**